ACIBADEM SISTINA 02 3099 500
TrueBeam Револуција во третманот на канцер

УАПСЕНА СОПРУГАТА НА РАНЕТИОТ ДОКТОР Жената се сомничи дека нарачала да го убијат Шаини во Куманово

Доктор Зекирија Шаини, кој беше ранет во оружен напад во центарот на Куманово, е пуштен на домашно лекување. Полицијата уапси 43-годишна жена од Тетово поради сомнение дека стои зад обидот за неговото убиство.

Од Плусинфо • Објавено 08/10/2025 16:07:56

МАКЕДОНИЈА СЛАЈДЕР

фото: МВР

Сподели 3,163

Полициски службеници ја лишиле од слобода 43-годишната А.А. од Тетово, поради основи на сомнение дека е поврзана со обидот за убиство на нејзиниот сопруг, докторот Зекирија Шаини (43) од селото Слупчане, липковско.

Според информациите од МВР, обидот за убиство се случил во центарот на Куманово, каде што познатиот лекар бил погоден со огнено оружје и итно пренесен во Универзитетската клиника за пластична и реконструктивна хирургија во Скопје.

Од полицијата информираат дека во врска со случајот се повикани на разговор шест лица, а во домот на Б.С. (50) од Куманово бил извршен претрес по судска наредба.

Покрај уапсената жена, се трага и по Љ.Ф. (36) од Гостивар, кој е осомничен како директен извршител на нападот и кој се уште е во бегство. Против двајцата ќе бидат поднесени кривични пријави за обид за убиство, по консултација со Основното јавно обвинителство Куманово.

Денеска, по успешна интервенција, доктор Шаини бил пуштен од Клиниката за пластична и реконструктивна хирургија во Скопје, каде што му биле санирани повредите.

Директорката на Клиниката, Јасмина Ѓоргиевска Павловска, изјави дека пациентот е во добра општа состојба.

– Пациентот е во добра општа состојба. По санирање на раните е пуштен на домашно лекување – рече Ѓоргиевска Павловска.

Од Министерството за здравство вчера реагираа со вознемиреност на веста дека нивниот колега бил нападнат со оружје, посочувајќи дека се надеваат на брза истрага и санкционирање на сторителите.

Полицијата продолжува со истрагата за да се открие точниот мотив и улогата на секој од осомничените, додека Љ.Ф. од Гостивар и понатаму се наоѓа во бегство.

Можеби ќе ве интересира

„НЕ ЈА ПОЛИТИЗИРАЈТЕ СЛУЧКАТА, НЕМА ПОЛИТИЧКО...
Плусинфо • 08/10/2025

ПОЛИЦИСКА АКЦИЈА ВО 3 СКОПСКИ НАСЕЛБИ Се апсат дилери на...
Плусинфо • 08/10/2025

доктор Зекирија Шаини | Љ.Ф. Гостивар | министерство за здравство | обид за убиство Куманово | Полициска акција | СВР куманово | уапсена жена Тетово

Сподели 3,163

ПРЕТХОДНО
СКОПСКИОТ ЏЕЗ ФЕСТИВАЛ СТАРТУВА СО ШОПЕН И БАХ ВО ЏЕЗ АРАНЖМАН Годинава без американска поддршка, но со многу американски џезери

СЛЕДНО
„НЕ ЈА ПОЛИТИЗИРАЈТЕ СЛУЧКАТА, НЕМА ПОЛИТИЧКО НЕПРИЈАТЕЛСТВО" Доктор Шаини проговори по нападот

Поврзани содржини

МАКЕДОНИЈА
БУТЕЛ МУ ПРИПАЃА НА НАРОДОТ Костовски ветува ред, правда и безбедност

МАКЕДОНИЈА
ПРОЕКТИ, АМБУЛАНТА И НОВИ МОЖНОСТИ Мицкоски ветува подобар живот во Шуто Оризари

СЛАЈДЕР
ЕКСКЛУЗИВНО ОТКРИТИЕ НА ЦИА Бајден лично го запрел извештајот за корупцијата на синот...

ПРЕТХОДНО СЛЕДНО

ОРЦЕ ЃОРЃИЕВСКИ КАНДИДАТ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК СКОПЈЕ 9 ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР ТВОЈОТ ЧОВЕК! ТВОЕТО МЕСТО! - ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА! ВМРО-ДПМНЕ

ЈУБ НЈЕОБ! СЕКОГАШ 30 ГОДИНИ КАМ

TrueBeam Револуција во третманот на канцер ACIBADEM SISTINA 02 3099 500

EVN

ADMIRAL

9 МИТКО ЈАНЧЕВ ЗА КАВАДАРЦИ ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР ВМРО-ДПМНЕ

ПРЕГЛЕДАЈ СЕ!
ПОТКАСТ ИНФО СЛЕДЕТЕ НЕ НА YouTube

Останете со нас

Facebook Likes | Like our page
Twitter Followers | Follow Us
RSS Subscribe | Subscribe
Plusinfomk Subscribe | Subscribe

Најчитани

ПОЧИНАТИОТ ПАНЧО МИНОВ БИЛ НОСИТЕЛ НА ЛИСТА ЗА ЛОКАЛНИТЕ...
МИА • 08/10/2025

ВУЧИЌ ОБВИНУВА ДЕКА ОПОЗИЦИЈАТА ЈА УРНАЛА НАСТРЕШНИЦАТА!?...
Плусинфо • 07/10/2025

УАПСЕНА СОПРУГАТА НА РАНЕТИОТ ДОКТОР Жената се сомничи дека...
Плусинфо • 08/10/2025

ГОЛЕМИОТ ЉУБОВЏИЈА И „ПРАВЕДНИК" КУРТУЛИ ОД ЗАТВОР И СЕГА...
Плусинфо • 08/10/2025

ИЗБЕГА ОД КУЌЕН ПРИТВОР, СЕ РАЗНЕСЕ ВО ИЗНАЈМЕН СТАН ВО...
Плусинфо • 08/10/2025

Колумни

Како ја „проголтав" книгата на Кочо Анѓушев „Таков каков...
Виктор Габер • 08/10/2025

Претпоследниот удар?!
Златко Теодосиевс... 04/10/2025

„Cartago delenda est" – или СДСМ мора да падне
Методија Анѓелкоск... 01/10/2025

Ем шути, ем бодат
Златко Теодосиевс... 01/10/2025

Спорт

РОНАЛДО Е ПРВИОТ ФУДБАЛСКИ МИЛИЈАРДЕР Платите,...
Плусинфо • 08/10/2025

ЕХФ СО ГОЛЕМА ДОВЕРБА ВО НАШИТЕ АРБИТРИ Две македонски...
Плусинфо • 08/10/2025

БРУНО ФЕРНАНДЕШ ГО НАПУШТА МАНЧЕСТЕР ЈУНАЈТЕД Саудијците...
Плусинфо • 08/10/2025

ИГОР СТЕФАНОВСКИ – ИЏЕ Е ПРВ МАКЕДОНЕЦ ВО ЕУРОНАСКАР ПРО...
Плусинфо • 08/10/2025

Галерија

ВАКА ИЛИ ТАКА, ТРАМП СЕ „ПОЗЛАТУВА" Тенот на американскиот...
Панорама • 22/09/2025

КАКО ИЗГЛЕДАШЕ ТРАНСФОРМАЦИЈАТА НА РОБЕРТ РЕДФОРД НИЗ...
Плусинфо • 17/09/2025

НЕВИДЕН ИДИОТСКИ ПОТЕГ НА ПОЛСКИ МИЛИОНЕР Погледнете како...
Плусинфо • 02/09/2025

КОСОВСКИ АДВОКАТ ДОНЕСЕ 4 МАГАРИЊА ПРЕД СОБРАНИЕТО Сакал...
Плусинфо • 03/07/2025

Хумор

Имате мака со спермограмот? Не грижете се, проблемот може...
Плусинфо • 07/10/2025

И кокошката има право да ужива
Плусинфо • 29/09/2025

Проверете дали сопругата излегува со блендерот
Панорама • 07/08/2025

Што прави млад ветеринар на село кај жената вдовица?
Панорама • 07/08/2025

ПРЕТХОДНО СЛЕДНО 1 of 166

Промо Магазин Здравје Спорт Импресум Хумор Контакт

© 2025 - plusinfo.mk. All Rights Reserved. © Developed by: Unet